**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/18
Скопје, 3 април 2020 година

ДО ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Триесет и четвртата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 3 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 април 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се воведат порестриктивни забрани за движење на населението на подрачјето на општина Куманово и заклучи:

   - да се забрани движење на населението на подрачјето на општина Куманово, од понеделник до петок, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник.

     Забраната за движење од 3 април 2020 година (петок) започнува од 21.00 часот и трае до 6 април 2020 година (понеделник) до 5.00 часот.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на сите јавни и приватни здравствени установи на подрачјето на општина Куманово.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви посебен план и организација на работата на Општата Болница Куманово, со воведување тријажа за пациентите, протокол за влез на пациентите, повисоко ниво на заштитна медицинска опрема што треба да ја има медицинскиот персонал во болницата и упатување на дополнителен соодветен медицински персонал (епидемиолози, инфектолози и сл) за потребите на болницата .

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи веднаш да ги интензивира контролите и полициските сили на подрачјето на општина Куманово, како во градот, така и во околните населени места и на секој влез и излез од подрачјето на општина Куманово.

5. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделските лица и фармери кои работат и се движат во атарот на руралните средини, млеко производителите, како и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

6. Се препорачува на општина Куманово и општинскиот кризен штаб, во координација со д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на дневна основа да ги координираат и решаваат настанатите состојби и проблеми во ова подрачје.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да го разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр. сл-014-2020 од 1.04.2020 година во врска со одобрување на користење на нафта и нафтени резерви од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, како и заштитни средства (маски и ракавици) и средства за дезинфекција за сите јавни комунални претпријатија во државата, да стапи во контакт со АДКОМ и до Владата да достави соодветен предлог во врска со ова прашање."

**Прилог:**
**- Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите државни институции
- ЗЕЛС
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Ирма Мавдева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk